Џ

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 118/0306
15.07 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28.06.2024 година, врз основа на примена жалба од Богдан Илиевски ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

**Жалбата е основана. Текстот, објавен во онлајн медиумот Либертас под наслов „Онлајн малтретирање и закани од колеги кон новинарката Лепа Џундева. ЗНМ бара МВР да реагира“, објавен на 06.6.2024 г., отстапува од етичките стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот Богдан Илиевски на 13.6.2024 поднесе претставка до Извршната канцеларија за Жалбената комисија на СЕММ, во која наведува дека спротивно на новинарската практика медиумот објавил текст во кој постои неточно и нефер информирање, неизбалансираност и неколку други етички прекршоци.

Во претставката меѓу другото стои:
„Насловот е неточен, имајќи предвид дека во текстот не се зборува за закани од колеги кон Џундева. Не се ни споменува некакво онлајн малтретирање кон Џундева од страна на нејзини колеги. Има неточен клеветнички текст како цитат од соопштението на ЗНМ за наводно поттикнување омраза од моја страна кон Џундева, што е неточен и паушален квалификатив, недокажан на суд. Во текстот не е побарано мое мислење а про по ставовите на ЗНМ и ССНМ, туку истиот еднострано ги пренесува поимањата на ЗНМ и ССНМ, со што е незастапена втората страна во случајот.
Пристрасноста и неурамнотеженоста се гледа, покрај во насловот, и во отсуството на барање на став од посочениот портал Офф.нет.мк, за обвинувањата кои се искажани и кон нив во текстот на порталот Либертас. Неточното и нефер известување е највидливо во предметниот неточен наслов кој се однесува на случајот во кој јас објавив дел од интервју на Џундева со гостин во вестите на ТВ 24 проследен со прашањето „Добро, ЗОШТО?“…“

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

До Жалбената комисија на СЕММ, преку Извршната канцеларија на 19.06.2024 е упатено барање до медиумот за наводите од жалбата, при што во одговорот од медиумот не се наведува ниту еден збор за жалбата, туку едноставно одбивање да се произнесат.

Одбивањето е образложено со незадоволство од претходна одлука на Жалбената комисија на СЕММ, со која било утврдено дека медиумот ги прекршил етичките стандарди во текст за кој тогаш некој упатил жалба и се расправало по однос на истата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Со текстот со наслов, објавен во Либертас  со наслов „Онлајн малтретирање и закани од колеги кон новинарката Лепа Џундева. ЗНМ бара МВР да реагира“ на 06.06.2024, се прекршени етичките правила, поточно Член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата го разгледа спорниот текст и утврди дека текстот е на тема која во себе содржи висок степен на јавен интерес. Станува збор за јавна рекација – соопштение на две организации, Здружение на новинари на Македонија (ЗНМ) и Самостоен синдикат на новинарите на Македонија (ССНМ), во кое тие изразуваат загриженост за говорот на омраза кон новинарите, посебно новинарките, по што, појаснуваат дека такво нешто одново регистрирале, а како повод послужила објава на социјалните мрежи на споменатиот жалител во оваа предметна жалба, кој ја посочува новинарката Лепа Џундева и едно нејзино интервју.

Повеќето членови на Комисијата оценија дека воопшто е непроблематично што медиумот ја објавил реакцијата на ЗНМ и ССНМ, напротив, дотолку повеќе што станува збор за сензитивна тема за новинарството воопшто, а посебно за односите кон новинарите и новинарките во општествен контекст на поделеност и ниска свест за улогата на медиумските работници. Но, проблематично е како тоа медиумот го сторил, иако Комисијата ги отфрла квалификативите „клеветнички", што го употребува жалителот и смета дека тоа не било намера на медиумот во овој случај, туку станува збор за невнимателност при пренесувањето на содржината на соопштението.

Имено, станува збор за пренесено соопштение во најголем дел од збор до збор, но без даден контекст и обработка. Копи-пејстираното соопштение без правописни знаци на навод и извод може да го збуни читателот, особено помалку упатениот, бидејќи тоа не е новинарски обработено со нужните појаснувања (на пример, „велат од ЗНМ и ССНМ", „се наведува во соопштението на ЗНМ и ССНМ", „од таму посочуваат" и слично).

Еден дел од Комисијата сметаше и дека за вака чувствителна тема медиумите не би требало само да ја пренесат голата вест, туку и да ја обработат со барање изјави, наведување други податоци за темата и слично, додека друг дел од членовите сметаа дека не е нужно тоа да се стори во истиот миг кога и се објавува веста, туку дека може да се побараат изјави од втората страна и други изјави и податоци подоцна во текот на денот или утредента.

Сепак, членовите на Комисијата речиси и да немаа дилема дека освен невнимателно пренесеното соопштение, целосно погрешно со уредничка интервенција е ставен насловот на текстот, кој во еден битен детаљ не одговора на содржината на текстот, односно фактите наведени во реакцијата на ЗНМ и ССНМ. Со делот од насловот „Онлајн малтретирање и закани од колеги...", јавноста стекнува погрешен впечаток дека малтретирањата и заканите кон новинарката Лепа Џундева се од колеги новинари, што е непостоечки факт во целата приказна.

Бидејќи во Член 1 од Кодексот се наведува дека приказната треба да биде проверена од што е повеќе извори – значи да содржи точни и проверени факти и бидејќи составен дел од новинарската етика е насловот да биде соодветен со содржината на текстот, поголемиот број членови од Комисијата за жалби оцени дека станува збор за прекршување на Членот 1 кој гласи:

**Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.**

***

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Мери Јордановска и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби

Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595